РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

12-3247/2
06-09-2021

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител на продолжението на 51-та седница одржана на ден 01.09.2021 година донесе

**О Д Л У К А**

Пријавата поднесена од непознат подносител до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-3247/1 од 18.09.2021 година, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај.

Предметот со број 12-3247/1 од 18.09.2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-3247/1 од 18.09.2021 година е оформен врз основа на добиена пријава од непознат подносител - станари.

Во пријавата се наведува дека во непосредна близина на посочена адреса во Кичево се гради станбена зграда која се наоѓа на несоодветно место. Дополнително, се наведува дека некој и пред 10 години се обидел да гради на истото место, но станарите суделе и изградбата била спречена од врховниот суд. Станарите се потпишале врз база на ветување на претседателот на куќен совет дека зградата ќе биде офарбана, а откако се потпишале станарите било додадено во листата дека се согласуваат со изградбата. Во пријавата од ДКСК се бара да го разгледа случајот бидејќи Врховен суд веќе еднаш спречил да се гради на тоа место.

По разгледување и проучување на наводите од пријавата, ДКСК констатираше дека нема доволно и конкретни податоци во однос на посочената градба врз основа на што би се побарале податоци и информации за натамошно постапување на ДКСК, а од друга страна е непознат подносителот како би се исконтактирал со цел да се добијат дополнителни податоци

и информации, по што на седницата оцени дека нема елементи за нејзино надлежно постапување по предметот.

Имајќи го предвид горе наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изработил: м-р Б.К.Ш., Советник
Одобрил: м-р В.Г., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Биљана Ивановска**